МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Локални избори 2013

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ИЗБОРИТЕ

## завршна анкета

WWW.MOJOTIZBOR.MK

2013 МОЈОТ ИЗБОР

Локални избори 2013

**Библиотека:** Избори
**Серија:** Локални избори 2013

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**Подготовка**
Даниела Стојанова

**ISBN** 978-608-4681-07-6

**Скопје**, март 2013 г.

**Контакт**
Адреса: МЦМС, ул. Никола Парапунов 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје.
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб: www.mcms.mk.

Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk
SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk; Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk;

Twitter: https://twitter.com/mojotizbor; Facebook: https://www.facebook.com/mojotizbor

Пријавување неправилности во изборниот процес: https://mojotizbor.crowdmap.com/

**МЦМС, ИДСЦС**

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирање, трансмисија, превод или адаптација на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено за образовни цели, заради цитирање и со претходна дозвола на издавачите и соодветно објавување на изворот.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ 4

**ВЛИЈАНИЕ И ЕФЕКТ НА ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ** ........ 5

**УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ** ........ 6

**ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИЗБОРОТ** ........ 6

**ОЧЕКУВАЊА ЗА ФЕР И ДЕМОКРАТСКИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ** ........ 7

**ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ПОБЕДА НА ИЗБОРИТЕ** ........ 7

ПРИЛОГ. Прашалник и целосни резултати (%) ........ 8

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ........ 9

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ - ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ........ 10

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) спроведуваат повеќе заеднички активности за локалните избори 2013 година, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Дел од активностите се и испитувањата на јавното мислење за прашања поврзани со изборите, како карактеристиките на кандидатот за градоначалник, рејтинзите на кандидати и партии и слично. Во овој извештај се презентирани мислењата на граѓаните за влијанието и ефектите на изборната кампања врз нивниот избор, што има одлучувачка улога за тој избор, потоа за условите за спроведување на изборните кампањите и на самите избори на 24 март, како и за нивното мислење кој ќе победи на локалните избори 2013.

Во рамките на проектот „Мојот избор“ истражувањето е спроведено од ИДСЦС преку телефонска анкета на 18 март 2013 година, на национален репрезентативен примерок од 825 испитаници со +/- 3,5 % грешка. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст и место на живеење. Од 825 испитаници, 50,5 % беа жени, а 49,5 % мажи, во однос на етничката застапеност 71,7 % од испитаниците беа Македонци, 23,5 % беа Албанци, а другите етнички групи беа застапени со 4,9 %. Во однос на местото на живеење, руралната популација беше застапена со 30,5 %, додека градската со 69,5 %.

Би сакале да укажеме дека анкетата е направена во период на излез од политичката криза и на изборна кампања. Политичката поларизација влијае на јавното мислење, а со тоа и на резултатите од анкетата.

Исто така сакаме да укажеме дека и анкетите се направени според репрезентативен примерок каде етничките податоци се засновани на податоците од пописот од 2002 г. Недостатокот на понови податоци за различните етнички групи како и разликите во излезноста на различни демографски, етнички, географски групи може да влијае на објективноста на рејтинзите на партиите и/или кандидатите, поврзани со одредена етничка група.

Анкетата го одразува моменталното расположение на граѓаните, кое до изборниот ден може да биде подложно на промени.

Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Покрај графиконите, податоците се прикажани и во бројки. Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Социо-демографските анализи за помалобројните социо-демографски групи поради нивното мало учество во примерокот не се коментирани во овој извештај. Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Исто така не се прикажани ни одговорите под 1 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите. Прашалникот со целосните резултати е даден во прилог.

## ВЛИЈАНИЕ И ЕФЕКТ НА ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ

Почетното прашање за граѓаните беше за влијанието на изборната кампања во нивниот избор за градоначалник, како и ефектот што го остварила изборната кампања.

**Графикон 1. Влијание на изборната кампања врз изборот на градоначалник на скала од 1 до 10, каде 10 е „многу ми влијаеше“**




Третина од граѓаните (32,8 %) се изјасниле дека изборните кампањи воопшто не влијаат на нивниот избор за градоначалник. Изборните кампањи многу влијаат кај 17,8 % од анкетираните граѓани. Средната вредност изнесува 4,8 што укажува на потпросечно влијание на изборните кампањи.

**Графикон 2. Ефекти на изборната кампања врз граѓаните**




Изборните кампањи немаат ефект кај 36,7 % од граѓаните. Кај скоро исто толку граѓани (39,8 %) изборните кампањи уште повеќе ги убедуваат во нивниот избор. Најмали се ефектите на изборните кампањи во носењето одлука да се гласа за друг кандидат (5,3 %) и во влијанието да не се излезе на гласање (4,9 %).

## УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ

Граѓаните беа запрашани и за нивното мислење дали постојат фер услови за сите политички партии за спроведување на нивните изборни кампањи.

**Графикон 3. Дали сметате дека постојат фер услови за сите политички партии да ја спроведуваат својата кампања?**




Граѓаните се поделени во тоа дали постојат фер услови за сите политички партии да ја спроведуваат својата кампања.

## ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИЗБОРОТ

Повеќе фактори влијаат врз одлуката на граѓаните за кого или која партија ќе гласаат.

**Графикон 4. Одлучувачка улога во тоа за кого ќе гласам има:**




Одлучувачка улога кај граѓаните за кого ќе гласаат имаат досегашните резултатите на кандидатот/ партијата (35,8 %), потоа нивната партија (16,4 %), па семејството (13,1 %). Мало влијание има изборната кампања, а најмалку пријателите (4,0 %) и објавените анкетни резултати (3,1 %).

## ОЧЕКУВАЊА ЗА ФЕР И ДЕМОКРАТСКИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

Неколку дена пред одржувањето на изборите граѓаните беа прашани дали веруваат дека локалните избори ќе бидат фер и демократски.

**Графикон 5. Дали верувате дека локалните избори на 24 март ќе бидат фер и демократски?**




Големо мнозинство од граѓаните (72,8 %) веруваат дека локалните избори ќе бидат фер и демократски.

## ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ПОБЕДА НА ИЗБОРИТЕ

Како последно прашање на граѓаните им беше поставено кој сметаат дека би победил на претстојните локални избори.

**Графикон 6. Кој сметате дека би победил на претстојните локални избори?**




Би сакале да укажеме дека анкетата е направена во период на излез од политичката криза и на изборна кампања. Политичката поларизација влијае на јавното мислење, а со тоа и на резултатите од анкетата.

## ПРИЛОГ. Прашалник и целосни резултати (%)

| **П1. На скала од 1 до 10, каде 1 е „воопшто не ми влијаеше“, а 10 е „многу ми влијаеше“, во колкава мера изборната кампања влијаеше на вашиот избор за градоначалник ?** | |
|---|---|
| 1 | 32,8 |
| 2 | 6,1 |
| 3 | 4,2 |
| 4 | 1,9 |
| 5 | 18,3 |
| 6 | 4,0 |
| 7 | 3,7 |
| 8 | 8,4 |
| 9 | 2,7 |
| 10 | 17,8 |
| | |
| **П2. Каков беше ефектот врз вас?** | |
| Уште повеќе ме убеди во сопствениот избор | 39,8 |
| Немаше ефект | 36,7 |
| Сè уште не можам да се одлучам | 13,3 |
| Се одлучив за друг кандидат | 5,3 |
| Влијаеше да не излезам на гласање | 4,9 |
| | |
| **П3. Дали сметате дека постојат фер услови за сите политички партии да ја спроведуваат својата кампања?** | |
| Воопшто не постојат | 27,3 |
| Делумно постојат | 31,7 |
| Целосно постојат | 32,1 |
| Не знам | 7,9 |
| Нема одговор | 1,0 |
| | |
| **П4. Одлучувачка улога во тоа за кого ќе гласам има:** (можни се 2 избора) | |
| Досегашните резултати на кандидатот/ партијата | 35,8 |
| Мојата партија | 16,4 |
| Семејството | 13,1 |
| Изборната кампања | 9,8 |
| Пријателите | 4,0 |
| Објавените анкетни рејтинзи | 3,1 |
| Друго | 15,7 |
| Нема да гласам | 2,1 |
| | |
| **П5. Дали верувате дека локалните избори на 24 март ќе бидат фер и демократски?** | |
| Да | 72,8 |
| Не | 20,0 |
| Не знам | 6,6 |
| Нема одговор | 0,6 |
| | |
| **П6. Кој сметате дека би победил на претстојните локални избори?** | |
| ВМРО-ДПМНЕ | 48,5 |
| СДСМ | 15,5 |
| ДУИ | 8,5 |
| ДПА | 4,3 |
| НДП | 1,9 |
| ЛДП | 0,1 |
| ЛП | 0,1 |
| Друга | 0,1 |
| Не сакам да кажам | 3,3 |

| **Пол** | **%** |
|---|---|
| Машки | 49,5 |
| Женски | 50,5 |
| | |
| **Етничка припадност** | |
| Македонска | 71,7 |
| Албанска | 23,5 |
| Турска | 1,1 |
| Ромска | 0,9 |
| Влашка | 0,2 |
| Српска | 1,0 |
| Бошњачка | 0,9 |
| Друга | 0,9 |
| | |
| **Возраст** | |
| До 30 г. | 21,0 |
| 31-40 | 19,9 |
| 41-50 | 18,8 |
| 51-60 | 17,7 |
| Над 60 | 22,6 |
| | |
| **Образование** | |
| Незавршено основно | 3,6 |
| Основно | 15,2 |
| Средно | 50,6 |
| Високо | 30,6 |
| | |
| **Место на живеење** | |
| Рурално | 30,5 |
| Урбано | 69,5 |
| | |
| **Изборна единица** | |
| Изборна единица 1 | 16,2 |
| Изборна единица 2 | 17,9 |
| Изборна единица 3 | 15,6 |
| Изборна единица 4 | 17,7 |
| Изборна единица 5 | 17,5 |
| Изборна единица 6 | 15,2 |

# ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Веб-страница:** www.mojotizbor.mk

**Пријавување неправилности во изборниот процес:** https://mojotizbor.crowdmap.com/

**Мониторинг на медиуми:** http://daily.mk/izbori

**Twitter:** https://twitter.com/mojotizbor

**Facebook:** https://www.facebook.com/mojotizbor

Целта на проектот „Платформа за интегрирано набљудување на изборите“ е да се придонесе за фер и демократски избори, преку поддршка на професионалната и транспарентна работа на изборните органи, зајакнато професионално и етичко известување за изборите во медиумите и промоција на конструктивен демократски дискурс за време на кампањата и самиот изборен ден.

Проектот вклучува активности за анализа на изборните програми и листите на кандидати, набљудување на известувањето на медиумите, набљудување на работата на изборните органи, изборната кампања и самиот ден на избори.

За прв пат проектот беше спроведен за парламентарните избори во 2011 година.

Проектот го спроведуваат во партнерство Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија Социетас Цивилис (ИДСЦС).

**Листа на поврзани публикации**

**Граѓаните за локалните избори, 2013:** http://www.mcms.mk/images/docs/2013/graganite-za-lokalnite-izbori-2013.pdfhttp://www.mcms.mk/images/docs/2013/graganite-za-lokalnite-izbori-2013.pdf

**Рејтинзи на политичките партии, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/rejtinzi-na-politickite-partii.pdf

**Профилот на мојот градоначалник, 2013:** http://mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1359-profilot-na-mojot-gradonachalnik.html

**Профилот на мојот пратеник, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/profil-na-mojot-pratenik-2011-mcms.pdf

**Изборните кампањи на политичките партии, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/izbornite-kampanji-na-politickite-partii.pdf

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ - ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЛДП | Либерално демократска партија |
| ЛП | Либерална партија на Македонија |
| НДП | Национална демократска преродба |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |